Општинско основно училиште „Браќа Миладиновци“ - Куманово, врз основа на член 30, 31, 32, 108, 113 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019) и Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.229/2020), изготви

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА*

## *РАБОТА НА ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ - КУМАНОВО*

## *ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА*

# I. Лична карта на училиштето

## ➢ Услови во кои работеше училиштето

ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово е лоцирано во центарот на градот и опфаќа ученици од централното подрачје, реонот на Соколана и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето. Работи во пет училишни згради и функционира како централно училиште со две подрачни и едно училиште за деца со посебни образовни потреби кое е преименувано во Центар за поддршка на општинско и регионално ниво.



1. Централната училишна зграда се наоѓа на улицата „Народна Револуција“ бр.43 каде се сместени петнаесет паралелки од предметна настава, четири паралелки од I одделение, четири паралелки од II одделение.
2. Втората зграда се наоѓа на ул.„Тонко Димков‘‘ бб во која се изведува настава за учениците од I-V, за ученици кои припаѓаат на тој реон и останатите петти одделенија.Наставата ја посетуваат девет паралелки.
3. Третата зграда се наоѓа на ул.„Тане Георгиевски“ бб, наставата се изведува за ученици со посебни образовни потреби, во вкупно девет паралелки од I до IX одделение, кој е преименуван во Центар за поддршка. Во истата зграда оваа учебна година учеа пет паралелки од деветто одделение и четири паралелки од четврто одделение, вкупно 18 паралелки;
4. Како четврта зграда е подрачното училиште во с.Пчиња. Опфаќа ученици од селата што гравитираат кон тој реон од I до IX одд. со вкупно 9 паралелки;
5. Петтата зграда е лоцирана во с. Студена Бара во која работат 2 комбинирани паралелки од I до V одделение.

Во учебната 2022/2023 година четири паралелки од III одд. настава реализираа во просториите на Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово

ООУ „Браќа Миладиновци“ опфаќа и деца од населбата Средорек.

## ➢ Опфатеност на ученици

Во училиштето наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Со воспитно-образовниот процес во училиштето се опфатени ученици во 65 паралелки и тоа:

од I - III одделение 19 паралелки,со вкупно 430 ученици,
од IV доVI одделение 19 паралелки,со вкупно 403 ученици,
од VII-IX одделение 18 паралелки, со вкупно 385 ученици,
од I до IX одделение за ученици со посебни потреби има 9 паралелки со вкупно 36 ученика.Од I-III одделение 10 ученици,10 ученика од IV – VI одд. и 16 ученици од VII– IX одделение.

Вкупно опфатени ученици се **1218** и **36** во посебни паралелки,
вкупно **1254** ученик на ниво на училиште.

- **Настава и наставен кадар**

Во училиштето има вкупно 114 вработени: Директор, 1 пом.директор, 6 стручни соработници (педагог, психолог, библиотекар, социолог, дефектолог, логопед), 88 наставници (1 воспитувач, 31 одделенски наставници, 56 предметни наставници), 2 административни работници и 16 вработени од помошно-технички персонал. Од други училишта настава дополнуваат уште 6 наставника.
Сите часови по наставните предмети беа застапени со соодветен наставен кадар.
По сите наставни предмети наставата беше планирана според Наставен план и програма за задолжителна, изборна, додатна, дополнителна настава, одделенски час и воннаставни активности.
Како втор странски јазик во VI,VII и VIII одделение се изучува германски јазик, француски јазик и италијански јазик. Во IX одделение се изучува германски и италијански јазик. Во ПУ с.Пчиња се изучува француски јазик.

## II.Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година

Во училиштето се направени основни подготовки за почетокот на учебната година. За подобрување на условите за работа во централната зграда на училиштето потпишан е договор со Изведувачот и Надзорот за изградба на кровната конструкција на училиштето и санација на оштетените делови на училниците. Целокупната обнова и санација финансиски е подржана од МОН и ќе се реализира во летниот период.
Во делот на училиштето наменет за ученици од прво одделение еден тоалет е прилагоден за инклузирани ученици.
За подобра безбедност во училишните згради се монтирани 5 камери за постојан видео надзор. Во ПУ с.Пчиња донирани се 8 клима уреди од страна на општината.
Училиштето и понатаму продолжува со изработка на проекти за подобрување на условите за работа во училиштето.

## III. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност

- **Годишна програма**

Годишна програма за работа на училиштето е усвоена од страна на Училишниот одбор со Одлука бр. 02-261/2 на седницата одржана на ден **28.06.2022** година.
Во текот на учебната година се работеше на следните цели:

**ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО**

**1.**Подобрување на работата со децата со посебни образовни потреби,надарени деца и децата со потешкотии во учењето.
2.Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирана едукација на наставниот кадар.
3.Реновирање на постоечки објекти.
Во текот на учебната година континуирано се реализираа активности за остварување на поставените приоритети.

## IV. Планирање и реализација на наставата

Наставата е планирана и реализирана според Наставниот план и програма за работа на училиштето. Реализирани се 99,32% од задолжителни предмети,

97,04% од изборни предмети, 96,12% одделенски час, 86,47% дополнителна настава, 86,49% додатна настава.

Учениците од VI-IX одделение како втор странски јазик го изучуваа француският, германскиот и италијанскиот јазик.

Во четврто и петто одделение учениците изучуваат по два изборни предмети.

Во четврто одделение според новата концепција учениците избираа по два изборни предмети. Во шесто одделение изучуваат Запознавање на религии и ККЕЦ, во седмо одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај.

Проекти од информатика и Проекти од ликовно образование се изучуваат во осмо одделение. Програмирање и Проекти од музичка уметност во деветто одделение.

Учениците од трето до петто одделение го изучуваа предметот Јазик и култура на Ромите.

**V.Планирање и реализација на вонннаставни активности**

**-Слободните ученички активности**

Оваа учебна година се реализирани активности во рамки на следните секции:спортска секција (атлетика, ракомет, кошарка во предметна настава и игри без граници со ученици од III1 одделение), љубители на францускиот јазик, млади физичари, млади биолози, литературно-драмска секција и историска секција.

-**краткорочни воннаставни активности**

Беа одржани 7 музички работилници насловени ,,Ритамот во музиката‘‘, наменети за ученици од I-V одделение и опфатени се 203 ученика од седум одделенија.

Во организација на општината дваица наставници по физичко образование ја реализирана спортската активност пливање во затворен базен со 108 ученици пливачи од шестто до деветто одделение.

Наставници по географија реализираа гео-еко активности преку посета на Планетариум, Археолошки музеј и Собрание на РСМ, Музеј за македонска револуционерна борба и изработка на хамери.

Со ученици од II2 одделение во соработка со дел од родители беше посетен Планинарски дом „Вртешка“ на планината Плачковица.

Беше организиран продажен базар со ученици од посебни паралелки во кој земаа учество и ученици од редовна настава и родители.

**-Акции**

Ова подрачје ги опфаќа активностите околу одбележување на поважни датуми од училишниот и секојдневниот живот, државни празници, посета на споменици. За реализирање на Еколошки активности формирана е еко секција ЕКО ТИМ - со цел подигнување на еколошката свест кај учениците. Активностите се изведуваа преку изработка на хамери, читање на текстови со еко содржина, ширење на еко пораки преку социјалните мрежи и спроведување на еко акции. Одбележани се: Светски ден за заштита на озонската обвивка, Светски ден на чистите планини, училиште - „Селектирај-рециклирај“ со собирање на батери и Светски ден на водата. Денот на Екологијата е одбележан со повеќе различни еко активности, засадување на садници, чистење на училишна зграда и двор.

Подмладокот на ЦК организираше активности за поддржување на хуманитарни акции во донирање парични прилози, облека и друг вид на хуманитарна помош.

**-Ученичко организирање и учество**

Учениците се организираат на ниво на секоја паралелка и се бираат членови на претседателство и комисии. Од избраните ученици од паралелките од VI-IX одделение се формира Училишен парламент. Во текот на учебната година беа одржани 13 состаноци на кои се реализираа задачи од програма за работа на Училишниот парламент. На состаноците се реализираа работилница и истражување за права на децата, истражување на тема врсничко насилство во училиштето, еколошки активности и активности по повод патрониот празник на училиштето. Ученици од Училишен парламент учествуваа на Детскиот парламент во Собрание на Република Северна Македонија.

## VI.Планирање и реализирање на вонучилишни активности

### -Ученички екскурзии

Екскурзиите се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување и рекреација. Оваа учебна година беше организирана еднодневна екскурзија во Скопје со ученици III одделение, настава во природа во траење од четири дена со ученици од V одделение, дводневна екскурзија со ученици од VI одделение и тродневна екскурзија со ученици од IX одделение. Беа организирани еднодневни излети во Пелинце и Пониква.

### -Натпревари и освоени награди

За афирмирање на училиштето учениците под менторство на наставниците учествуваа на натпревари на повеќе нивоа.

Учениците зедоа активно учество на училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари и конкурси на кои постигнаа забележителни резултати.

| **Наставни предмети** | **Општински натпревари** | | | **Регионални натпревари** | | | **Државни натпревари** | | | **Меѓународни натпревари** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** |
| **Македонски јазик** | 3 | 1 | 5 | | | | 1 | | | | | |
| **Математика** | 5 | 3 | 5 | 9 | | 3 | 1 | | | | | |
| **Хемија** | 1 | 5 | 8 | | 3 | 5 | 2 | | 1 | | | |
| **Англиски јазик** | | 4 | 4 | 3 | 3 | 2 | | | | | | |
| **Информатика** | | | | | | | | | | 1 | | |
| **Географија** | | | 4 | | | | | | | | | |
| **Физика** | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | | | | |
| **Биологија** | 1 | 2 | 2 | | 3 | 14 | | 1 | 5 | | | |
| **Природни науки** | 5 | 26 | 16 | 4 | 10 | 31 | 3 | 8 | 2 | 1 | | |
| **Ликовно образование** | 1 | 1 | | | | | 3 | | | | | |
| **ТО** | | | | | | | | | | | | |
| **ФЗО** | 3 | 3 | | | | | | 1 | | | | |
| **Вкупно** | **19** | **46** | **45** | **16** | **20** | **56** | **10** | **10** | **8** | **2** | | |

Освоени се вкупно 110 општински награди од кои 19 први, 46 втори и 45 трети награди. На регионално ниво освоени се вкупно 92 награди од кои 16 први, 20 втори и 56 трети награди. На државно ниво освоени се вкупно 28 награди од кои

10 први, 10 втори и 8 трети награди. На меѓународно ниво освоени се вкупно 2 први награди. На ниво на училиштето освоени се вкупно 232 награди и во споредба со минатата учебна година има значително зголемување на бројот на награди.

**-Меѓуетничка интеграција во образованието**

Активностите од меѓуетничка интеграција во образованието се реализирани во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово. Со ученици од седмо одделение беше реализирана работилница со мешани групи на ученици од двете училишта и беа изработени оригами цветови по повод Осми март. Активноста беше реализирана на Осми март на градскиот плоштад под мото „Цвет за секоја жена“. На настанот изработените оригами беа подарувани на жени на кои им беше честитан празникот на двата јазика.

Секој наставник интегрира часови од МИО во наставните содржини.

**-Антикорупциска едукација во образованието**

Со мотото „Корупција – ја сечеш гранката на која што седиш“ се објаснува дека корупцијата непознава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативна појава во општеството.

Со учениците од деветто одделение беа реализирани предавања и работилници за антикорупциска едукација. Со пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на активностите и по неговото завршување се следеше усвојувањето на знаењето од областа на антикорупција.

**VII.Грижа на училиштето за здравјето на учениците**

Здравствената заштита и здравственото воспитување во училиштето е насочена кон формирање на здрава личност способна да се грижи за своето здравје и за здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница. Активностите од оваа подрачје во редовната настава се реализираа на одделенските часови и во рамките на наставните предметите чии наставни содржини обработуваат теми од областа на здравјето. Организирани беа и редовни систематски прегледи, посета на стоматолог и вакцинации.

**VIII. Соработка со локална средина,проекти и промовирање на училиштето**

Во рамките на својата воспитно-образовна дејност училиштето организираше културно-образовни активности и зема учество во активности организирани на локално ниво.

**-Соработката со локална средина** се одвиваше преку соработка со општината, институциите во градот, училишта и невладини организации. Во соработка со **НВО „Мајка„** и Општина Куманово беше организирана ликовна колонија на тема „Детска ликовна колонија Пчиња 2023“ на која зедоа учество ученици од VI-IX одделение од пет основни училишта од општината. Настанот беше отворен со свечена приредба организирана со ученици од ПУ с.Пчиња и фолклорна група од ООУ„Вук Караџиќ“ Куманово. На затворањето на настанот беа доделени дипломи, благодарници и пофалници за најуспешните ликовни творби.

Соработка со другите училишта и институции се одвиваше во повеќе сегменти. Соработката со средните училишта беше на ниво на професионално информирање на нашите ученици за упис во средните училишта.

Во училиштето активно работи **Советот на родители** со активности, идеи, залагања и поддршка во реализација на воспитно-образовниот процес. Беа

реализирани пет состаноци на класификационите периоди и при разгледување на значајни прашања од наставниот процес.

**-Во текот на оваа учебна година беа реализирани следниве проекти:**

1.Проектот **„Безбедни училишта“** е реализиран во соработка со МВР Куманово. За реализирање на активностите беа формирани училишни тимови. Од страна на Отсек за превенција,на ученици од второ и трето одделение одржано е предавање на тема „Безбедно дома и на улица“ преку кое се запознаваат со правилата што треба да ги почитуваат дома и како учесници во сообраќајот за нивна поголема безбедност. На учениците од осмо и деветто одделение одржано е предавање на тема „Правна социјализација и злоупотреба на дрога“ каде на учениците им е укажано за ризикот и последиците од конзумирање на алкохол и психотропни супстанции.

2. Во рамките на програмата **Еразмус-мобилност** училиштето учествуваше во 4 проекти од КА2 програмата.

Во месец октомври беше реализирана третата мобилност во рамки на проектот „Get Ready For Future“, каде нашето училиште беше домаќин, а учествуваа училиштата од Италија, Португалија и Полска. Во период од 17 до 21 Октомври беа реализирини активности во училиштето и посета на историски значајни места во нашата земја.

Проектите „Empathy a way ti the human being“ и „In Natyre we learn“ завршија со своите активности.

Во февруари е реализирана мобилноста во Полска во градот Конопишка, каде замина тим од два наставника и пет ученика од нашето училиште.

Во месец мај имаше посета во Италија во Сан Џовани, Сицилија. Тим од два наставника и пет ученика го презентираа завршниот робот изработен од нашиот тим заедно со професорката по информатика.

Активностите од тековните проекти ќе продолжат и во нареден период.

3.Проектот на Чекор по чекор**-„Биди ин, биди инклузивен, биди инклудиран,“** се реализираше преку стипендирањето на ученици инклузирани во редовната настава. Овој проект завршува во оваа учебна година.

4.Преку Француски институт од Скопје се реализираше проектот соработка со француско основно училиште „Bois L‘eau“ од Bernaville. Активностите беа реализирани on-line преку работилници и размена на искуства по повод значајни датуми.

**-Промовирање на училиштето**

Училиштето реализира активности за промовирање во општината и пошироко преку организирање на работилници, натпревари, свечености поврзани со значајни датуми.

Одбележан е Патрониот празник и седумдецениско работење на училиштето со свечена приредба на тема: „Седумдецениски времеплов“. По повод Патрониот празник беа организирани спортски натпревари и ликовна колонија во подрачно училиште.

Училиштето со групни маски изработени со ученици од одделенска и предметна настава учествуваше на маскенбал „Батко Ѓоргија“ организиран од општината.

Во организација на Федерација на спорт ученици од посебни паралелки учествуваа на Регионални спортски игри организирани во училиштето и Државни

спортски игри организирани во Тетово. Со свечена приредба беше одбележан 3 декември Меѓународен ден на лица со посебни потреби.

Беа одбележани денови на Франкофонијата со свечена приредба.

Во соработка со Француска и Италијанска амбасада учениците имаа можност на доброволна основа да ги изучуваат овие јазици. Пет наставници од одделенска настава посетија курс за француски јазик со цел да го потикнат интересот кај учениците за изучување на овој јазик.

**IX. Следење и унапредување на образовната и воспитната работа**

Наставата и другите воннаставни активности беа следени од Директорот и стручниот тим преку континуиран увид во планирањата, следење на часови, следење на оценувањето.

Оценувањето е континуиран процес кој трае во текот на целата учебна година. Постојано се следи работата на учениците и се изработуваат инструменти за следење и оценување на нивните постигнати резултати.

Учениците од I, II и III одделение се оценети со описни оценки по сите наставни предмети, учениците од IV-VI одделение на крајот на учебната година се оценети со бројчани оценки и учениците од VII-IX одделение се оценети со бројчани оценки.

На крајот на секој класификационен период родителите на родителските состаноци се информираат за успехот, редовноста и поведението на учениците.

На крајот на учебната година се издаваат свидетелства и на тој начин родителите се информираат за постигнатиот успех на учениците. Во свидетелствата се запишуваат годишни оценки по сите наставни и изборни предмети, поведението и евидентирањето на изостаноците кои се направени во текот на учебната година.

- **Стручното усовршување**

Стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше во континуитет во текот на учебната година. Тимот за професионален развој го следеше и организираше професионалното усовршување на наставниците. Усовршувањето се реализираше преку посета на семинари, активности на стручните активи, следење на стручна литература.

Во текот на ова учебната година беа посетени следните обуки:

| Ред. бр. | Тема на обука | Време на реализација | Обучувач | Број на наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Обука за спороведување на Нова концепција за основно образование вклучување на медиумска писменост за петто одделение | Јуни,август 2022 | БРО | 6 |
| 2 | Обука за спороведување на Нова концепција за основно образование вклучување на медиумска писменост за четврто одделение | јуни,август 2022 | БРО | 6 |
| 3 | Планирање и реализација на наставата по природни науки во | 31.08.2022 | | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | V одд. според нова концепција за основно образование и новата наставна програма по природни науки за V одделение | | БРО | |
| 4 | Улога на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта | 27.09.2022 | Ресурсен центар „Иднина” | 7 |
| 5 | Образование на лицата со попреченост – актуелни состојби и перспективи | 13.-15.10.2022 | Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори | 5 |
| 6 | Обука за геодиверзитет и геонаследство – географски аспекти<br>Пештерите како значаен дел од геодиверзитетот во Македонија<br>Геопарковите како начин на заштита, промоција и одржливо користење на геонаследството. | 12.10.2022 | МГД | 3 |
| 7 | Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата | октомври 2022 | Академија ЦЕС | 1 |
| 8 | Нова концепција и нови наставни програми за I,II,IV и Vодделение за стручни соработници | 28.10.2022 | БРО | 4 |
| 9 | Професионална ориентација:зајакнување на учениците за кариерен развој | 10.11.2022 | БРО | 5 |
| | Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште | 19.11.2022 | БРО | 75 |
| 11 | Рана интервенција: Достапни опции и услуги | 21.11.2022 | Организација ,,Дајте ни крилја” | 10 |
| 12 | Обука заизработка на ИОП и модифицирани програми | 28 и 29. 11.2022 | БРО | 8 |
| 13 | Улога на географијата во креирање на новите светски политики<br>Цикличниот феномен како „парадигматичен мост“ помеѓу рационалноста и нерационалноста<br>Детектирање и превенција на врсничко насилство во училиште | 17.12.2022 | Здружение на професори по географија на | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | 13.01.2023 | БРО | 10 |
| 15 | Стимулација на говор во рана возраст +Cboard | 25.01.2023 | Организација „Отворете ги прозорците” | 8 |
| 16 | Трет Модул: Поддршка на училишни инклузивни тимови | 2.02.20223 | БРО | 8 |
| 17 | Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + водич за инклузивни практики | 18.03.2023 | Организација „Отворете ги прозорците” | 7 |
| 18 | Обука за поддршка на училишните инклузивни тимови | 17.03.2023 | Организација „Отворете ги прозорците” | 10 |
| 19 | Сите за инклузија- Еразмус | 15.04.2023 | Erasmus plus | 10 |
| 20 | Логопедско – дефектолошко-психолошки конгрес | 09.04.2022 | Гаспар центар | 6 |
| 21 | Искуствено учење за животна средина и климатски промени за наставници по природни науки | (март,април,мај три циклуси) | БРО | 4 |
| 22 | Стратеги и методи и техники за работа со надарени ученици | 22.6.2023 | БРО | 70 |
| 23 | Обука за наставници по Ликовно образование за нова концепција. | 26.06.2023 | БРО | 2 |
| 24 | Обука за новата Наставна програма по предметот Музичко образование за шесто одделение | 27.06.2023 | БРО | 2 |
| 25 | Обуката за новата Наставна програма по Англиски јазик за шесто одделение | 27.06.2023 | БРО | 3 |
| 26 | Обуката за новата Наставна програма по ФЗО за шесто одделение | 27.06.2023 | БРО | 3 |
| 27. | Обуката за новата Наставна програма по предметот Италијански јазик за шесто одделение | 04.07.2023 | БРО | 1 |
| 28 | Обука за новите наставни програми за македонски наставен јазик за шесто | 27.06.2023 | БРО | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одделение | | | |
| 29 | Обука за нова концепција по природни науки за шесто одд. | 27.06.2023 | БРО | 5 |
| 30 | Имплементација на нова Наставна програма за наставниот предмет ТО и Информатика во шесто одд. | 03.07.2023 | БРО | 3 |
| 31 | Планирање и реализација на наставата по Историја и општество во шесто одделение според новата концепција | 03.07.2023 | БРО | 3 |

Реализирани се интерни обуки од областа на инклузија на учениците од предходно посетени обуки. Изготвено е и презентирано Акциско истражување на тема: „Врсничко насилство и комуникација помеѓу ученик, наставник и родител“ во третиот воспитно-образовен период.
За подобрување на безбедноста, менталното и емоционално здравје, по препораки и насоки од МОН беа спроведени активности со ученици, наставници и родители. Активностите беа спроведени на наставнички совет, одделенски час и родителски состаноци. Училиштето за таа цел понуди отворени денови наменети за родителите за актуелни прашања, за враќање на довербата и чувството на безбедност во училиштето.

**X. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела и стручните соработници**

**Наставнички совет -** во текот на учебната година одржани се девет состаноци на Наставнички совети на кои се разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците по класификациони периоди и значајни прашања од воспитно-образовниот процес.
**Стручни активи** - Од вкупно пет стручни активи кои работеа според оперативни Годишни програми, реализираа содржини кои овозможуваат стручно усовршување на наставниците со цел осовременување на наставата, примена на стандардите за оценување, корелација со други предмети, работа со надарени ученици и вклучување на натпревари. Работата на Стручните активи може да се согледа од записниците и нивните извештаи.
Стручниот актив на **природна група предмети** го сочинуваат предметните наставници по: математика, биологија, хемија, физика, техничко образование и информатика. Беа одржани 9 состаноци и разработени различни теми чии цели беа подобрување на работата на активот, навремено изготвување на годишно и месечно планирање според однапред избран учебник, стекнување со знаењаза изработка на дигитални содржини, интегрирање на еко-стандарди во наставата,, подобрување на квалитетот на наставата, ефективно одржување на часови, развивање на меѓусебни односи и заедничко дружење како и стекнување на работни навики.
Врз основа на добра соработка, одговорна работа и корелација помеѓу предметните наставниците постигнати се солидни резултати од страна на учениците при учество на натпревари и освоени се повеќе награди.

Стручниот актив на **јазично-естетското подрачје** го сочинуваат предметните наставници по македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, италијански јазик, француски јазик, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. На состаноците се разработуваа различни теми чии цели беа: подобрување на работата на активот, изготвување на годишно и месечно планирање, стекнување со знаења за изработка надигитални содржини, интегрирање на еко-стандарди во наставата. Посебен акцент беше ставен на подобрување на квалитетот на наставата, ефективно одржување на часови, реализирање на активностите во училиштето, мотивирање на учениците преку натпревари, проверување на знаењата на учениците, подобрување на меѓусебната соработката. Одбележани беа значајни датуми со спортски активности и литературни творења. Реализирани се 10 состаноци на кои беа обработени дваесет и три содржини.

Стручниот актив на **општествени науки** го сочинуваат предметите: географија, историја, граѓанско образование, класична култира, природни науки, истражување на родниот крај и етика. Активот работеше согласно изготвената програма и беа планирани 8 теми од кои сите се реализираа. Наставниците преку своите теми изврšија презентирање и разменување на искуствта од реализација на нивните часови. Се разговараше за избор на наставни средства при работата, потреба за еколошко воспитување и преземени активности за поттик на еколошка свест. Истотака беа разработени предности и можности за реализирање на теренска настава и начини за истражување во природата. Беа разработени и наставни техники и принципи за оценување на ученици, разграничување на сложеност на прашања при усното испрашување. Се разгледаа и одговрности и должности на учениците и стратегии за нивно напредување. На активот се разговараше и за новата Концепција за основно образование и согледување на поголем број на проблеми при нејзиното имплементирање.

Со работата на овој актив се постигнаа поставените цели и се направи чекор кон осовременување и модернизирање на наставата.

Стручниот актив во **посебни паралелки** го сочинуваат дефектолозите кои работат во посебните паралелки. Темите кои се обработуваа беа: изготвување на интегрирани содржини по ЕКО стандарди, изработка на план за вонаставни активности, дискусија за приоритетни обуки потребни за наставниците. Формиран е тим составен од наставници и родители кој ќе работи на промовирање на посебните паралелки и изнаоѓање на донации за училиштето и училишен материјал и прибор. Особено се обрна внимание на изготвување на наставни средства, дисеминација по одржани семинари и работилници на дефектолозите и стручна служба.

Стручниот актив на **одделенски наставници** е составен од одделенски наставници од прво до петто одделение и работеше според однапред изготвена програма. Беа реализирани повеќе активности насочени кон успешно спроведување на наставата. Наставниците соработуваа при изработка на наставните програми и реализирање на вонаставните активности. Работеа на примена на современи форми, методи, средства, ИКТ иновации во наставата, иновативни платформи за учење со што го подобрија квалитет на наставата.





Посебен акцент беше ставен на соработка со родителите со цел добивање на подобри резултати во учењето и подобрување на однесувањето на учениците. Беа одбележани значајни датуми во текот на годината и активно учествуваа на натпревари, манифестации постигнувајќи високи резултати со што го промовираа училиштето во општината и пошироко.

**Стручните соработници (педагог и психолог)** работеа на повеќе подрачја и ги реализираа содржините од истите.
Прво подрачје на кое работеа е планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа во училиштето. Во ова подрачје реализирани се повеќе содржински целини како што се: изготвување на Годишни програми за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето и изготвување на програми и извештаи за сопствената работа.
Ја следеа реализацијата на воспитно - образовната работа и тоа преку следење на напредувањето на учениците според нивните можности и потенцијали. Континуирано вршеа анализи на успехот, редовноста и поведението на учениците. Работеа на надминување на потешкотиите и утврдување на факторите кои влијаат на намалување на успехот во одредени паралелки и разрешување на конфликти преку советодавна работа. За подобрување на климата во паралелките и надминување на конфликтни ситуации беа реализирани 45 работилници на областа на конфликти, емоции, врсничко насилство, самоспознавање и правилно користење на слободното време.
Ги следеа сите видови планирања на наставниците и реализација на истите преку увиди на часови. Непосредно ја следеа целокупната воспитно образовна работа во училиштето. Учествуваа во работата на инклузивниот тим преку идентификација на ученици со посебни образовни потреби, поддршка на наставниците и родителите.
Учествуваа во реализирање на МИО активности во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“Куманово.
Следното подрачје е советодавно - консултативната работа со сите субјекти во училиштето. Реализирана е советодавна работа со родители на ученици кои нередовно посетуваат настава и имаат намален успех во учењето.
Работат како поддршка на Советот на родители како и координирање на работата на истиот. Во континуитет работеа со наставниците приправници давајќи помош во планирањата, подготовките и реализација на наставните содржини. Стручните соработници учествуваа на повеќе семинари за сопствено стручно усовршување.

Според годишната програма на **стручниот соработник библиотекар** – опфатени се сите содржини и активности предвидени во програмата: инвентирање, потпечатување, сместување и друга техничка обработка.
Врши евиденција на сите книги во библиотеката за полесен увид во целокупниот книжен фонд и секојдневно позајмување на книги и прибирање на прочитаните и свечено зачленување на учениците од прво одделение.
Соработува со наставниците за набавка на новоиздадени книги, лектири, списанија. Изготвува пофалници и дипломи за ученици со постигнати најдобри

резултати на училишните натпревари како и дипломи и пофалници за истакнати ученици во паралелка и ученик на генерација.
Обезбедува бесплатни учебници за учениците преку организирање на соодветна размена по одделенија во соработка со одделенските наставници.
Координатор е на проектот „Безбедни училишта“ во соработка со МВР Куманово.

Како член на стручниот тим **социологот** на училиштето работеше на следниве задачи: истражување на социо-економскиот статус на учениците од прво одделение, спроведува протокол за следење на развој на децата од прво одделение и врши советодавна работа со родители и ученици.
Работеше на професионална ориентација на ученици од деветтите одделенија (спроведување на програмата и анкета за испитување на желбите и интересот на учениците за запишување во средните училишта). Спроведува анкета за избор на понудените изборни предмети од четврто до деветто одделение, како и изборна втор странски јазик за ученици од шесто одделение. Ја спроведува Еко-програмата. Работеше на реализирање и следење на активности од антикорупциска едукација. Беше вклучен во работата на Ученички парламент.

**Дефектолог** имаше за задача да го спроведува инклузивното образование во соработка со инклузивниот тим за ученици со посебни образовни потреби. Ги спроведе следните задачи: идентификација на ученици со посебни образовни потреби и нивна дефектолошка функционална проценка, поддршка на наставниците што се сретнуваат со децата со посебни образовни потреби во училиштето, изработка на индивидуални образовни планови. При тоа вршеше консултации за постигнувањата на учениците, за планот за работа со учениците и потребата од промена на работата по прилагодена посебна програма.
Индивидуална работа со ученици со посебни образовни потреби беше неопходна при што организирав консултативни состаноци со родители на ученици со ПОП и советодавна работа за понатамошно иследување и работа со учениците.
Беше вклучена во размена на искуства, литература и инструкции за работа со ученици со посебни потреби, предлагање и изработка на дидактички материјал со предметните и одделенските наставници.

Стручниот соработник **логопед** работеше во просториите на посебните паралелки во училиштето. Работеше со ученици кои имаат проблеми во говорот, во читањето и пишувањето и со ученици од посебни паралелки. Работата со учениците се изведува групно и индивидуално. Логопедот работеше и советодавно со родители при откривање на проблемот кај детето и помош на родителот при логопедскиот третман. Опфатени беа ученици и од другите училишта во општината и регионот.

## XI.Успех на учениците на крајот на учебната година, бројна положба, изостаноци и поведение

| УЧЕБНА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|
| 2019/20 година | 1158 |
| 2020/21година | 1237 |
| 2021/22 година | 1231 |
| 2022/23 година | 1254 |

Бројот на ученици на ниво на училиште изнесува 1254 ученици и се зголемува во последните години.
Од вкупно 1254 запишани ученици: 664(52,95%) се машки и 590(47,05%) се женски.
Бројот на ученици од македонска националност е доминантен со 87,55% од вкупниот број на ученици или 1098 ученика. Ученици од српска националност се 81 или 6,46%, од ромска националност е 56 или 4,47% и од друга националност има запишано 19 ученика или 1,52%.
Бројот на ученици од I - III одд. изнесува 430, истите се оценети со описни оценки и преовладуваат оценки од високо ниво.

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО ОДДЕЛЕНИЈА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | одлични | во % | мн. добри | во % | добри | во % | доволни | во % | среден успех |
| IV | 143 | 112 | 78,32 | 29 | 20,28 | 2 | 1,40 | 0 | 0 | 4,77 |
| V | 143 | 112 | 78,32 | 25 | 17,48 | 3 | 2,10 | 3 | 2,10 | 4,72 |
| VI | 117 | 74 | 63,25 | 28 | 23,93 | 14 | 11,97 | 1 | 0,85 | 4,50 |
| вк IV-VI | 403 | 298 | 73,95 | 82 | 20,35 | 19 | 4,71 | 4 | 0,99 | 4,66 |
| VII | 130 | 71 | 54,62 | 40 | 30,77 | 18 | 13,85 | 1 | 0,77 | 4,39 |
| VIII | 136 | 76 | 55,88 | 32 | 23,53 | 26 | 19,12 | 2 | 1,47 | 4,34 |
| IX | 119 | 68 | 57,14 | 32 | 26,89 | 16 | 13,45 | 3 | 2,52 | 4,39 |
| вк VII-IX | 385 | 215 | 55,84 | 104 | 27,01 | 60 | 15,59 | 6 | 1,56 | 4,37 |
| **ВКУПНО** | **788** | **513** | **65,10** | **186** | **23,60** | **79** | **10,03** | **10** | **1,27** | **4,53** |




- Во IV  одделение има 143 ученика од кои: одлични се 112, мн. добри 29, добри 2. Среден успех изнесува 4,77;
- Во V  одделение има 143 ученика од кои: одлични се 112, мн. добри 25, добри 3 ученици и доволни 3 ученика. Среден успех 4,72;
- Во VI  одделение има 117 ученика од кои: одлични се 74, мн. добри 28, добри 14, доволни 1 ученика. Среден успех изнесува 4,50;
- Во VII одделение има 130 ученика од кои: одлични се 71 , мн.добри 40, добри 18 ученици, доволни 1 ученици. Среден успех изнесува 4,39.
- Во VIII одделение има 136 ученика од кои: одлични се 76, мн.добри 32, добри 26, доволни 2 ученици. Среден успех изнесува 4,34;
- Во IX одделение има 119 ученици, од кои: одлични се 68, мн.добри 32, добри 16, доволни 3. Среден успех изнесува 4,39.

На ниво на училиште од IV до IX одделение, одлични се 513, мн.добри 186, добри 79, доволни 10 ученици, средениот успех изнесува 4,53.

Пет ученици беа упатени на одделенски испит, 3 од одделенска настава и 2 од предметна настава. Еден ученик е задржан во второ одделение со одлука донесена на наставнички совет. Останатите ученици го завршуваат одделението.

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО РОД | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одлични | многу добри | добри | доволни |
| МАШКИ | 251 | 112 | 56 | 29 |
| ЖЕНСКИ | 262 | 74 | 23 | 1 |




Од табелата може да се констатира дека бројот на одлични ученици е поголем кај женски ученици. Бројот на многу добри, добри и доволни ученици е поголем кај учениците од машки пол.




| СРЕДЕН УСПЕХ ПО ГОДИНИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014/15 | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
| 4,36 | 4,35 | 4,38 | 4,48 | 4,53 | 4,54 | 4,58 | 4,48 | 4,53 |

Средниот успех спореден по години се зголемува, а во однос на минатата учебна година има незначително зголемување на успехот.

| РАНГ ТАБЕЛА НА СРЕДЕН УСПЕХ ГЕНЕРАЦИСКИ | | |
|---|---|---|
| Р.Б. | ОДДЕЛЕНИЕ | Ср.успех |
| 1 | IV | 4,77 |
| 2 | V | 4,72 |
| 3 | VI | 4,50 |
| 4 | IX | 4,39 |
| 5 | VII | 4,39 |
| 6 | VIII | 4,34 |

Најдобар среден успех постигнале учениците од IV одделение.

| **Среден успех по одделенија на крај на учебната 2022/23 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I к.п. | полугодие | III к.п. | КРАЈ |
| ПРОСЕК ВО IV | | | | 4,77 |
| ПРОСЕК ВО V | | | | 4,72 |
| ПРОСЕК ВО VI | | | | 4,50 |
| ПРОСЕК ВО VII | 3,88 | 4,08 | 4,07 | 4,39 |
| ПРОСЕК ВО VIII | 3,70 | 4.01 | 3,93 | 4,34 |
| ПРОСЕК ВО IX | 3,66 | 3,95 | 3,89 | 4,39 |

Средниот успех по одделенија споредено по класификациони периоди се зголемува.

| **Изостаноци на крај на учебната 2022/23 год.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вк.учен | оправдани | неоправдани | **вкупно** | по ученик |
| **ВКУПНО** | **1218** | **21222** | **858** | **22080** | **18,25** |

Учениците од редовна настава направиле вкупно 22080 изостаноци или 18,25 по ученик. Во однос на минатата учебна година значително се зголемува вкупниот број на изостаноци, но се намалува бројот на неоправдани изостаноци.

| ИЗОСТАНОЦИ ПО ГОДИНИ | |
|---|---|
| **2019/20** | **10882** |
| **2020/21** | **9815** |
| **2021/22** | **16988** |
| **2022/23** | **22080** |

Поведението на учениците на крајот на годината беше оценето како примерно кај вкупно 1117 ученици и еден ученик има незадоволително поведение. Изречени се вкупно 86 педагошки мерки, 69 усни опомени, 13 писмена опомени,1 укор, 2 преместување во друга паралелка и 1 намалување на поведение.

Во **посебни паралелки** има вкупно 36 ученици. Од I-III одделение има 10 ученици кои се оценети описно. Од IV-IX одделение има 26 ученици кои се оценети со бројчани оценки од кои 10 одлични, 5 мн.добри, 9 добри, 2 доволни ученици. Учениците од IV до IX одделение имаат постигнато среден успех 3,95. Направени се вкупно 603 изостаноци од нив 593 оправдани и 10 неоправдани или 16,47 изостаноци по ученик. Сите ученици се оценети со примерно поведение.

## XI. Педагошка евиденција и документација

Училиштето води педагошка евиденција и документација во континуитет преку постојани увиди од страна на директорот, заменик директор и стручните соработници, со укажување на пропустите и превземање на соодветни мерки за правилно водење на педагошката документација.

Педагошката евиденција и документација беше предмет на следење на државниот просветен инспекторат, кој беше задоволен од начинот на водење на истата.

## XII. Заклучоци

1.Во училиштето се изведува воспитно-образовната работа со примена на современи форми и методи, примена на ИКТ, интегрирање на еколошки содржини и меѓуетничка интеграција, реализација на животни вештини на одделенски час, како и реализација на воннаставни активности.
2.Наставниот кадар ја осовременува наставата, професионално се усовршува континуирано преку посета на семинари и обуки.
3.Наставата е реализирана успешно и покрај сите предизвици и потешкотии со кои се соочивме.
4.Преку учество во проекти и донации во училиштето се реновираа одделни објекти и се подобрија условите за работа.
5.Преку проектот Еразмус-мобилност училиштето учествуваше како партнер училиште со други училишта од повеќе европски земји.

Директор

______________________

Јасминка Спасовска